РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ПЕХЧЕВО
Бр 03-1314/2
03.12. 2025 год
ПЕХЧЕВО

ЗАПИСНИК

ОД БУЏЕТСКИ ФОРУМ за 2026

ЗА ГРАЃАНИТЕ НА ОПШТИНА ПЕХЧЕВО

ВТОРА ФОРУМСКА СЕСИЈА

Датум: 02.12.2025 година **Место:** Ресторан Тропик **Час:** 10:00

Присутни граѓани: Вкупно 55

Мажи: 20 Жени: 35

Модератор – Борис Шарковски **Ко-модератор** – Невенка Лонгурова Гирова

Форумската сесија ја имаше следнава агенда

10:00-10:10

-Регистрација на учесниците

-Преглед на активностите од претходната сесија

-Претставување на целите и дневниот ред на втората форумска сесија

10:10-10:15

-Обраќање на Градоначалникот на Општина Пехчево

10:15-10:30

-Претставување на начинот на приоретизирање на проектите

-Одлучување за проектите (приоретизација на прокети)

10:30-11:30

-Презентација на резултатите по работни маси

11:30-12:00

-Формирање на работна група за застапување и следење на форумските предлози и препораки

-Обраќања на претставник на општина Пехчево

-Оценка на форумот

12:00 –

-Затворање на форумскиот процес

-Коктел

Модераторот Борис Шарковски ја отвори втората форумска сесија, ги поздрави присутните и даде краток вовед во агендата. Го повика градоначалникот да ги поздрави присутните.

Градоначалникот им посака добредојде на присутните, им се заблагодари на за учеството и за предложените проекти на првата форумска сесија и им укажа дека ќе се потруди истите да бидат реализирани и дека дел од нив се во тек на реализација.

По обраќањето на градоначалникот, Борис им објасни на присутните на кој начин ќе ги приоретизираат предложените проекти и им даде време од 40 минути за секоја работна група да ги даде своите поени за приоритетните проекти. Потоа следеше презентација на проектите по работни маси. Секоја работна маса ги рангираше проектите од 1 до 10, 10 за најприоритетниот проект.

Борис и Невенка ги сумирааше поените и ги соопштиа резултатите по што следеше и мала дискусија околу прво рангираните проекти и обраќање од Градоначалникот дали истите можат да се реализираат.

ПРЕПОРАКИ ОД ФОРУМОТ ДО НАДЛЕЖНИТЕ ИНСТИТУЦИИ	
1.	Вклучување на младите во планирањето на фестивалот
2.	Навремено испраќање на материјалите за совет до ЛМС
3.	Доделување на дел пожарниот дом на користење и сопственост на Здружението на пензионери
4.	Воведување на редовни теренски услуги на институциите во селата
5.	Реактивирање на месните заедници во руралните средини (онаму каде што не се активни)

На крајот од форумската сесија модераторот уште еднаш им се заблагодари на присутните за учеството и ги повика да учествуваат на вакви форуми кои придонесуваат за подобар развој на локалната самоуправа.

Записничар

Моника Шехтанска Миовска

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ПЕХЧЕВО
ОПШТИНА ПЕХЧЕВО